# ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ,

октомври 2022- октомври 2025

Вонр.проф. д-р Бојана Наумовска

Скопје, април 2022 година

Почитувани колеги,

Имајќи ја предвид улогата која Институтот ја имал во минатото како и реално согледувајќи ги општествените околности и приоритетни политики, особено во однос на високото образованието и науката, ја предлагам следната програма. Истата е составена од приоритети за секоја од следните области: научно-истражувачка дејност; наставно-образовна дејност; меѓународна соработка; видливост, промоција и соработка со јавноста; организација, менаџмент и финансии. За полесно мерење на успешноста на програмата и резултатите кои истата би ги дала, приоритети се јасно дефинирани и образложени.

Институтот има богата историја на истражувачки проекти кои опфаќаат голем спектар на дисциплини. Ова искуство како и кадровскиот потенцијал на Институтот, треба да биде искористен во градењето на државните политики и правци на делување, особено земајќи ги предвид евроинтегративните процеси кои ни претстојат. Токму затоа, препознавањето на капацитетот на Институтот и негово искористување од страна на државата, останува прв приоритет во делот на научно-истражувачката дејност. Дополнително враќањето на брендот Јавно мислење ќе допринесе за поголема видливост на Институтот и истакнување на кадровските капацитети.

Во делот на наставно-образовната дејност прв приоритет останува насочување на постдипломските студии кон реалниот сектор, секогаш со истакнување на истражувачкиот аспект на студиите. Разновидноста на постдипломските програми во Институтот е значајна предност која им овозможува на студентите да стекнат знаење од повеќе области преку богата листа на изборни предмети и високо компетентен наставен кадар, што значи дека дополнителното насочување ќе ги направи нашите програми поконкурентни на пазарот. За популаризација на студиите но и во контекст на општествено одговорно однесување, предвидувам воведување на стипендии за втор циклус на студии.

Оваа програма е резултат на внимателна анализа и искуството со кое се стекнав како директор. Истата претставува надоградување на претходната програма, задржувајќи ги најзначајните приоритети. Секако, ќе се настојува да се обезбеди поддршка од сите вработени за наведените приоритети, а сите предлози и идеи за унапредување на програмата и за справување со предизвиците се добродојдени и ќе биде предмет на широка дискусија, пред да се започне со нејзината реализација.

Од стратешките приоритети ќе произлезат соодветни цели, задачи и активности кои се предвидува да се реализираат во следниот тригодишен период.

**Приоритети:**

I Научно-истражувачка дејност

1. *Искористување на капацитетот на Институтот од страна на државните институции*
Иако во изминатиот период се направени многу чекори во оваа насока, сепак и за следниот мандатен период останува приоритетот на поврзување на Институтот и обновување на соработката со Владата, министерствата и другите државни институции, преку истакнување на нашата интердисциплинарна поставеност. Основан токму со таа цел, развој и унапредување на научно-истражувачката работа и мисла, неколку децении Институтот успешно ги остварувал овие задачи. Водена од основачките цели но и институционалната меморија, еден од приоритетите во претстојниот период останува да биде воспоставување на повторна соработка со наведените институции, со што Институтот ќе стане активен чинител во општественото живеење.

2. *Учество во креирање на програмата за наука*
Веќе подолг временски период државата не одвојува средства за финансирање на научно-истражувачки проекти наменети за научните институти. Со цел надминување на ваквата состојба, воспоставена е првична комуникација со МОН. Заложбата за креирање на програма за наука и учество во нејзината изработка ќе претставува приоритет за следниот мандатен период.

3. *Продолжување на соработката со Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" и другите единици на универзитетот*. Препознавањето на Институтот од страна на Универзитетот како единствена мултидисциплинарна научно-истражувачка институција во негов состав, би резултирало со подобро искористување на потенцијалите на Институтот и кадарот кој работи во него. Успешната соработката со другите единици на универзитетот во изминатиот период повеќе се базира на соработка во однос на наставната дејност и делување во однос на прашања од заеднички интерес. Заложбата во следниот период ќе биде насочена кон започнување на соработка во делот на научно-истражувачката дејност.

4. *Продлабочување на соработката со Министерството за образование и наука во однос на Европското општествено истражување (ESS) и CESSDA*. Во последната година заедно со истражувачкиот тим успешно го реализиравме Европското општествено истражување што на сите истражувачи, студенти, институции ќе им даде можност за користење и споредување на добиените податоци. Ова позитивно искуство ќе претставува основ за барање МОН и понатаму да продолжи да го финансира истото. Исто така и националната архива на податоци од општествените науки МОН ја препозна како значајна, а понатамошната соработката со министерството ќе биде од големо значење за растење на архивот.

5. *Враќање на брендот Јавно мислење*. Јавното мислење претставува бренд на Институтот започнувајќи од 1974 година, кое за жал со текот на годините се губи. Заложбата во периодот кој следи ќе биде насочена кон враќање на овој бренд на Институтот преку воспоставување на соработка со медиум. Повторното враќање на Јавното мислење покрај тоа што ќе обезбеди нови податоци за прашањата кои ќе бидат следени во континуитет, исто така ќе претставува и основа за поголема афирмација на Институтот.

6. *Иницирање и вклучување во меѓународни проекти во областите кои Институтот со децении ги развива*. Како истражувачка институција од суштинско значење е унапредувањето на меѓународната соработка преку поголемо учество во меѓународни проекти со цел унапредување на истражувачката работа и зголемување на потенцијалот на Институтот. Обезбедување на повеќе и поголеми грантови ќе претставува и можност нашите студенти да се вклучат во процесот на истражување.

7. *Соработка и партнерски настап со другите единици во рамките на јавните и приватните универзитети*. Во изминатиот период Институтот има воспоставено успешна соработка со единици кои се дел од државни и приватни универзитети од земјава и од странство како во делот на заедничко учество на проекти така и во однос на организирање на зеднички конференции. Во последните 2,5 години успешно се организирани 3 меѓународни научни конференции со 5 партнерски институции кои понатаму претставуваат основа за градење на поголема соработка. Овој начин на вмрежување предвидено е и во иднина да се практикува.

8. *Актуелизација на потпишаните меморандуми за соработка*. Институтот во последните години но и претходно има потпишано голем број на меморандуми за соработка и партнерски настап со релевантни здруженија на граѓани и асоцијации. Во периодот кој следи целта ќе биде актуелизација на овие меморандуми и иницирање на истражувања особено во областите кои се помалку во фокусот на истражувачката јавност а се од потесен интерес на одредена група.

9. *Зголемување на подршката за учество на конференции и објавување на трудови*. Со ослободување на средствата на Институтот кои претходно беа насочени кон исплата на минатиот труд, во последната година Институтот дава подршка во висина од 50 евра на годишно ниво за секој вработен, а со цел учество на конференција или објавување на труд. Согласно моменталната финансиска состојба од 2023 година оваа подршка би можела да се зголеми на 100 евра.

10. *Индексирање на Годишникот во базата на Ebsco и во други бази на списанија*. Индексирањето на Годишникот е од исклучително значење за опстојувањето и развојот на ова наше списание кое има традиција од неколку децении. Индексирањето ќе значи поголем интерес за објавување, поголема видливост на списанието и промоција на самиот Институт.

## II Наставно-образовна дејност

1. *Воспоставување на поголема соработка со реалниот сектор во насока на подобрување на програмите од втор циклус на студии.* Овој дел би се остварил преку организирање дебати/трибини/работни групи за секоја студиска програма одделно во соработка со претставници од реалниот сектор (со претставници на компании, институции и организации каде би можеле нашите студенти да работат). Ваквиот пристап се очекува: да ги приближи нашите програми до потребите на пазарот со што ќе станат поконкурентни; да бидеме препознаени како институција подготвена за соработка во насока на градење на кадар препознатлив и баран на пазарот на трудот, кој ќе преставува носител на процесите во општеството; одговорен пристап кон практиката/практичната работа; полесно вработување и напредување на нашите студенти.
   Во процесот на соработка секогаш ќе биде потенциран капацитетот на Институтот како истражувачка институција и знаењата кои од тој аспект им ги пренесува на студентите.

2. *Креирање на програми за стручно, односно професионално усовршување за конкретни области кои во континуитет Институтот ги развива.* Во последните неколку години во општеството се повеќе се јавува потреба од стекнување на знаења и вештини како дел од концептот на доживотно учење. Водени од таквата потреба но и препознаени од Законот за високо образование како соодветна институција која може истите да ги реализира, во периодот кој следи треба да се работи на нивно концепирање. Овие програми се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето. Истите би можеле да се работат во соработка со други институции, организации, комори, гранкови здруженија и асоцијации.

3. *Воведување на стипендии за втор циклус на студии.* Во насока на давање на можност на квалитетни студенти да го продолжат своето образование, што би значело и наше вложување во градењето на квалитетен соработнички кадар, но и во насока на промоција на нашите програми од втор циклус на студии, предвидувам во следниот мандатен период да се стипендираат по 5 студенти на годишно ниво. Студентите би добиле целосни стипендии, а начинот на реализација ќе се одвива врз основа на одлука на Научниот Совет.

4. *Формирање на Алумни на Институтот.* Иако во минаното направени се првите чекори за формирање на Алумни на завршени студенти на Институтот, оваа иницијатива треба да се актуелизира и финализира. Водена од посветениот пристап на целиот кадар на Институтот кон нашите студенти, во следниот мандатен период еден од моите приоритети ќе претставува и формирање на Алумни група на наши студенти од втор и трет циклус на студии. Формирањето на Алумни на ИСППИ ќе ни

даде можност поедноставно да соработуваме со нашите завршени студенти при организирање на вебинари и настани, како и нивно вклучување во наставните и научно-истражувачките активности.

## III Меѓународна соработка

1. *Понатамошно унапредување на меѓународната соработка и комуникација на Институтот.* Имајќи ги во предвид околностите, може да се каже дека Институтот има солидна соработка во континуитет со други Универзитети, организации и институции. Ваквата соработка се должи како на политиките на Институтот така и на индивидуалните залагања на наставно-научниот кадар. Институтот веќе има богато искуство на меѓународна соработка, студиски престои, конференции, истражувачки проекти. Во периодот кој следи потребно е повеќе внимание да се обрне на веќе воспоставената соработка со цел истата да се продлабочи, но и да се воспостави соработка и со други Универзитети, организации и институции надвор од нашата држава.

2. *Продлабочување на соработката со меѓународни организации, странски фондации, амбасади, кои работат и делуваат и со своите активности придонесуваат за развојот на Република Северна Македонија.* Во изминатите неколку години Институтот оствари успешна комуникација со неколку меѓународни организации и амбасади и во соработка со истите се реализирани повеќе проекти. Оваа соработка се очекува и во иднина да продолжи.

3. *Воспоставување / унапредување на партнерства со универзитети и научни институти сродни по дејност од земјите во регионот.* Покрај во делот на учеството на проекти, во изминатиот период овој тип на соработка беше од исклучително значење при организирање на конференции. Имајќи го предвид позитивното искуство, во следниот мандатен период одржувањето на стекнатите пријателства и градењето на нови ќе претставува еден од моите приоритети.

## IV Видливост, промоција и соработка со јавноста

1. *Воспоставување на соработка со медиумите со цел промоција на истражувањата на Институтот.* Соработката со медиумите би се воспоставила преку меморандум за соработка, а ваквата соработка би имала за цел: промоција на настаните кои ги организира Институтот, а се во функција на презентирање на податоци од истражувања до пошироката јавност, покренување на теми за

дискусија од самите медиуми врз основа на добиени сознанија од наши истражувања, промоција на Институтот како единствена мултидисциплинарна научно-истражувачка институција во државата од областа на општествените науки, промоција на кадарот на Институтот, активно учество а со тоа и влијание на теми кои се од поширок интерес. Повторното актуелизирање на Јавното мислење се очекува да допринесе кон постигнување на овој приоритет.

2. *Креирање на лесно достапни и читливи резултати од спроведени истражувања преку објавување на сумарни извештаи.* На овој начин нашите истражувања ќе бидат поедноставни за споделување и читање од страна на пошироката јавност. Преку оваа форма се очекува поголема присутност на новите медиуми и социјалните мрежи што секако би резултирало со зголемување на посетеноста на веб страната на Институтот.

3. *Редовно збогатување на веб страната на Институтот и он-лајн рекламирање.* Имајќи го предвид начинот на кој најчесто се доаѓа до информации, веб страната на Институтот треба да го претставува Институтот во целост (неговите капацитети и можности, искуства и соработки, неговата вредност и значајност за општеството, неговиот кадровски потенцијал). Во овој момент веб страната на Институтот е во процес на хранење со податоци и се очекува во најскоро време да биде во целосна функција. Сепак како значаен простор за претставување и понатаму останува како приоритет а со тоа и дел од оваа програма.

4. *Продолжување со проектот „Научна среда“.* Овој проект успешно се спроведува повеќе од шест години а како резултат на истиот е воспоставена соработка со повеќе колеги од државата и странство, други Универзитети, институции, организации и асоцијации. Покрај тоа што овој прект се покажа како многу успешен во воспоставувањето на соработка, истиот беше успешен и во делот на промоција на истражувањата на Институтот пред пошироката јавност. Ваквиот начин на комуникација со научната, стручната и општата јавност треба и во иднина да се задржи. Бројот на Научни среди во текот на годината би зависел од можностите на наставно-научниот кадар.

## V Организација, менаџмент и финансии

1. *Отворен пристап во градењето на правните акти.* Во изминатитот период големо внимание се посвети на поставувањето на регулативата во насока на Законот за високо образование од 2018 година. Изготвен беше Статут на Институтот, Правилникот за внатрешната организација, Правилникот за систематизација на работните места, Одлука за правила на студирање на втор циклус студии, Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи. За следниот мандатен период останува заложбата

за заедичко градење на правните акти преку отворена дискусија со временски рокови кои дозволуваат вклученост на сите вработени на Институтот.

2. *Транспарентност во работата на директорот и раководството на Институтот.* Во насока на транспарентно, одговорно и отчетно работење ќе продолжи праксата на секоја седница на Научниот совет, членовите на истиот да бидат информирани за сите активности кои се превземени во тој период.

3. *Финансиска одржливост и унапредување на финансиското работење на Институтот.* Во моментов располагаме со лимитирани финансиски ресурси, кои се од суштинско значење за реализирање и унапредување на нашите дејности. Ваквата состојба очекувам да се подобри преку остварување на приоритетите од другите области.

4. *Подобрување на стандардот на вработените.* Иако во најголем дел оваа состојба зависи од државата и државните политики и приоритети, нашето право на достојна плата не треба да го заборавиме. Подобрувањето во овој дел ќе биде една од основните заложби во престојниот мандатен период преку организиран начин на делување.

5. *Продолжување на активностите за обезбедување на нов објект за Институтот.* Ова прашање претставува приоритет веќе подолг временски период. Во иднина ќе продолжат заложбите за обезбедување и сместување на Институтот во нов објект. До моментот на реализација на ова решение ќе бидат превземени сите мерки за заштита на објектот и обезбедување на пристојни услови за работа.

6. *Вработување на нов административен кадар.* Во оваа календарска 2022 година се очекува тројца од вработените во администрацијата да заминат во пензија, а имајќи во предвид дека во изминатиот период научно-истражувачкиот потенцијал на Институтот се зголеми, за идниот период приоритет ќе претставуваат барањата за вработување на нов административен кадар.

Почитувани колеги, во случај да бидам повторно избрана за директор, својата должност ќе ја обавувам професионално, непристрасно и објективно, почитувајќи ја работната етика, секогаш водена од интересот на нашата институција и колективните интереси на сите вработени.

Скопје, 27.04 2022 година

Подносител на програмата

Вонр.проф.д-р Бојана Наумовска